# ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес

## ПОРТОФИНО

**1 ден 06.03.2020 СКОПЈЕ**
Состанок со групата во 11:30ч. на паркингот спроти спортската сала „Борис Трајковски„ и поаѓање за Ценова, Италија во 12:00ч., преку **Србија**, **Хрватска и Словенија**. Дневно и ноќно возење со попатни паузи за одмор и царински формалности.

**2 ден 07.03.2020 ЏЕНОВА**
Пристигнување во **ЏЕНОВА** во попладневните часови и сместување во хотел. Слободно попладне за одмор од патувањето. Во вечерните часови можност за прошетка низ центарот на градот и индивидуални активности. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**3 ден 08.03.2020 ЏЕНОВА- ПОРТОФИНО -РАПАЛО-САНТА МАРГАРИТА**
**Појадок**. После појадокот, следи целодневен факултативен излет на најживописниот залив **TIGULIO, Liguria,** каде се сметени монденските места **ПОРТОФИНО, Санта Маргарита и Рапало**. Започнуваме со **Санта Маргарита** мало живописно градче, сместно на половина пат од **Рапало** до **ПОРОТФИНО**. Продолжуваме со брод кон најпознатото место на **Лигурскиот брег ПОРТОФИНО- колоритно крајбрежно градче кое во текот на средниот век преставувало главно пристаниште на џеновјанската трговска флота. Низ историјата е посетено од многу славни личности, кралеви, научници, филмски и естрадни ѕвезди и едно од најлуксузните светски летувалишта познато уште од крајот на XIX век**. Слободно време за индивидуална прошетка и уживање во шармот на Портофино. Во договорено време продолжуваме кон Рапало, познато по светилиштето на пресвета Богородица изградено на самиот врв на брдото кое се наоѓа на највисоката точка во местото. Тврдината на РАПАЛО која датира од XVI век е сместена на самото крајбрежје. Слободно време до поаѓање за Ценова. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**4 ден 09.03.2020 ЏЕНОВА - МЕНТОН – САН РЕМО -ЏЕНОВА**
**Појадок.** После појадокот, факултативно заминување на целодневен излет во **Ментон и Сан Ремо**. Започнуваме со МЕНТОН. **Монденски град на Француската ривиера кое уште се нарекува и „La Perle De la France“. Посета на МЕНТОН, стариот град со исклучителен медитерански шарм, марината и живописните плоштади**. Слободно време за индивидуална прошетка. Го продолжувме патувањето кон **Сан Ремо**. Прошетка низ стариот дел на градот **La PINJA**. Слободно време за индивидуални активности во центарот на градот кај познатото КАЗИНО и преубавите шеталишта покрај море. Во договорено време поаѓање за Ценова. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**5 ден 10.03.2020 ЏЕНОВА – SERRAVILLE Outlet Village- СКОПЈЕ**
**Појадок**. После појадокот, напуштање на хотелот и заминуваме на разглед на преубавата **Ценова** (главен град на областа ЛИГУРИА). Магичен град во кој се среќаваат медитеранот и трагите од историјата. Градот на **Кристофер Колумбо и Гарибалди** и родното место на виртуозот на виолина **ПАГАНИНИ**. Град со раскошни палати, старо пристаниште со нови содржини, поморски музеј со најголемиот аквариум втор по големина во Европа, ботаничка градина, безброј продавници и луксузни ресторани, и град со неопислива живост на медитаранот... Слбодно време за индивидулна поршетка и уживање низ уличките на ЏЕНОВА. Во договорено време поаѓање за Serravalle Outlet centar, шопинг во познатиот Outlet village McArthur Glen. Во договрено време поаѓање за Македонија преку **Словенија, Хрватска и Србија** со попатни паузи и пауза за пасошка и царинска контрола.

ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес ДООЕЛ увоз-извоз
ул. Орце Николов 164 Кавадарци тел. +389 43 420100 факс +389 43 414100
www.deltamts.com email: delta@deltamts.com; info@deltamts.com

**6 ден 11.03.2020 СКОПЈЕ**
Пристигнување во **Скопје** во вечерните часови.

**ПРОМОТИВНА ЦЕНА ЗА УПЛАТИ ДО 31.01: 259€/ 16.060 ден.**
**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 279€/ 17.300 ден.**

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА:**

- Превоз со високотуристички автобус на дадените дестинации
- Сместување во хотел со 3* во Џенова ( или околина) 3 НП (ноќевање + појадок)
- Професионален лиценциран придружник за време на патувањето
- Организација и реализација на патувањето
- Организиран трансфер од Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци (Дреново), Струмица, Штип, Велес

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОР НЕ ВКЛУЧУВА:**

- Целодневен факутативен излет – ПОРТОФИНО ( Портофино , Санта Маргарита и Рапало) - 50€
- Целодневен факуттивен излет – МЕНТОН ( Ментон, Сан Ремо и Крајбрежјето на цвеќето) - 50€ (за реализација - мин.пријавени 30 патници)
- Разглед на Џенова со локален водич -15€
- Патничко осигурување – 210 ден.
- Туристичка такса (**5€** по лице на ден) се плаќа на рецепција
- Индивидуални трошоци
- Доплата за еднокреветна соба 5.580 денари

**НАПОМЕНИ:**

- За реализација на ова патување, потребен е минимум од 45 патници.
- Плаќањето се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 евро = 62 денари
- За резервација на аранжманот потребна е аконтација од 30%, целосна уплата најдоцна 10 дена пред поаѓање
- Попустите не се комбинираат
- Останатите услови на патување важат според годишниот програм на Делта МТС
- Агенцијата го задржува правото за отказ на аранжманот најмногу 5 дена пред поаѓање.
- Патникот има обврска да се јави 24ч. пред патувањето за да потврди време и место на поаѓање.


ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес ДООЕЛ увоз-извоз
ул. Орце Николов 164 Кавадарци тел. +389 43 420100 факс +389 43 414100
www.deltamts.com email: delta@deltamts.com; info@deltamts.com